


ENCOURAGE

# ПРОЕКТ ЕРАЗМУС+

КЛУЧНА АКЦИЈА: KA220-VET

– ПАРТНЕРСТВА ЗА СОРАБОТКА ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

## РАЗВОЈ НА КУРСЕВИ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЗА ОПШТИНИТЕ

[ENCOURAGE] ПРОЕКТ БР: 2021-1-PL01-KA220-VET-000030417

# ШТО Е ENCOURAGE?

**ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е РАЗВОЈ НА ЕДУКАТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НАМЕНЕТИ ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД СЕКТОРОТ ЗА ОТПАД ИЛИ ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ОПШТИНИТЕ, УЧИЛИШТАТА ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И НОСИТЕЛИТЕ НА ОДЛУКИ.**

**Кој го овозможува ENCOURAGE?**

**ПАРТНЕРИ:**

| | | |
|---|---|---|
| Contentplus.pl, Wroclaw, Poland | Stowarzyszenie na Rzecz Innowacji i Edukacji, Radom, Poland | Creative Thinking Development, Rafina, Greece |
| Institute for Research in Environment, Civil Engineering and Energy, Skopje, North Macedonia | EDITC LIMITED, Nicosia, Cyprus | Znanstveno-raziskovalno središče Bistra Ptuj, Ptuj, Slovenia |

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ: 01.01.2022 – 31.12.2023**

https://encourage.projectsgallery.eu/

## ЗОШТО Е ПОТРЕБЕН ENCOURAGE?

Транзицијата кон одржлива и климатски неутрална економија бара значителни инвестиции во цела ЕУ. Повеќето области се особено ранливи на ефектите од климатските промени и бараат интегрирани и координирани акции кон социо-економска трансформација. Покрај тоа, COVID19 пандемијата значително го погоди општеството. Важно е да се обезбеди единствена поддршка низ Европа за студенти, претприемачи и иноватори посветени на развивање иновативни решенија за општествените предизвици.

## ШТО ТОЧНО САКАМЕ ДА ПРАВИМЕ?

Проектот ENCOURAGE обезбедува решенија со добро дефинирани пазарни патеки. Најважно е да се поттикнат и едуцираат вработените во општината како соодветно да ракуваат со сите типови на отпад за да се овозможи правилно управување со отпадот што се создава во општините. Ова ќе биде овозможено преку градење на релевантни и висококвалитетни вештини и компетенции преку развој и имплементација на курсеви за одржливо управување со отпад (УО) за општините. Овие курсеви ќе поддржат поставување и ќе обезбедат пристап до патеките за надградба на одржливиот УО, што е најважниот приоритет на овој проект.

## ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

- Развој и имплементација на нови и иновативни професионални курсеви за секторот отпад во согласност со Рамковната директива за отпад на ЕУ.
- Подобрување на нивото на компетенции и вештини на ниво на општина во областа на одржливо УО.
- Минимализација на јазот помеѓу потребите за нови знаења, недостатокот на образовни програми и предизвиците на целните групи во одржливо управување со отпад.

## КАКВИ РЕЗУЛТАТИ МОЖЕМЕ ДА ПОСТИГНЕМЕ СО ENCOURAGE?

1. Бенчмаркинг анализа на вештини и компетенции, потреби и предизвици за одржливо управување со отпад
2. Профил за квалификација за Специјалист за управување со отпад со употреба на нивоа на NQF/EQF
3. Изработка на наставна програма и предметна програма за курсеви за одржливо управување со отпад со елементи за сертификација
4. Материјали за обука за курсеви за одржливо управување со отпад
5. Интерактивна платформа за е-учење
6. Центар на знаење за управување со отпад




## КОЈ МОЖЕ ДА ИМА КОРИСТ ОД НАШИОТ ПРОЕКТ?

- Претставници од секторот за отпад или животна средина во општините.
- Училишта/наставници/ученици за стручно образование и обука.
- Носителите на одлуки, за одржливо УО во согласност со националните и политиките на ЕУ, и во долгорочно придонесување за развој и управување со отпадните ресурси на локално и на глобално ниво.

Ко-финансирано од Европска Унија

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.